Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за правосудство

Бр.08-1962/2
Скопје 28-09-2021 година

Врз основа на член 87-а од Законот за судовите(„Службен весник на Република Северна Македонија"бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18 и 96/19) и Правилникот за работа на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.129/21), министерот за правда донесе:

**Одлука за дополнување на Одлуката за формирање на Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи бр.08-1962/1 од 08.07.2021 година.**

I. Со оваа Одлука се врши дополнување на Одлуката за формирање на Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи, заведена под бр.08-1962/1 од 08.07.2021 година.

II. Во Одлуката за формирање на Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи под бр.08-1962/1 од 08.07.2021 година во точка I во делот ЧЛЕНОВИ по зборовите:

"- д-р Гордана Лажетиќ, редовен професор на Правниот факултет "Јустинијан први" во Скопје, од академската заедница,"

се додаваат зборовите:

"- Катерина Мишковска, помлад соработник за ИТ служба во Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија".

ISO 9001

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за правосудство

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и е составен дел на Одлуката за формирање на Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи бр.08-1962/1 од 08.07.2021 година.

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
м-р Бојан Маричиќ

Подготвила: Ирена Шекуткоска Јанакиевска, соработник
Одобрила: Валентина Шаурек, државен советник

ISO 9001